ПРОГРАМА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

# ИЗВЕШТАЈ
## ДИСКУСИЈА ЗА ПОЛИТИКИ

ПРОЕКТ ЗА РАЗВОЈ НА МИКРО-ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ЖЕНИ ВО ПРЕКУГРАНИЧНАТА ОБЛАСТ
PROJEKTI I ZHVILLIMIT TË NDËRMARRJEVE TË VOGLA PËR GRATË NË ZONËN NDËRKUFITARE
MICROENTERPRISE DEVELOPMENT PROJECT FOR WOMEN IN THE CROSS-BORDER AREA

Центар за Управување со Промени
CCIS Center for Comparative and International Studies
FOUNDATION EGALITE Women & Youth Entrepreneurship
IHR Institute for Human Rights

| | |
|---|---|
| Организирано од: | ЦЦИС и ИЧП (партнерски организации на проектот) |
| Место: | Реал Скампис - Елбасан |
| Учесници: | 35 |
| Настан: | Дискусија за политики |
| Тема: | Жените и нивната економска моќ во прекуграничниот регион на Елбасан/Полог |
| Приложено: | Агенда, список на учесници, фотографии |

*Во рамките на проектот „Проект за развој на микро-претпријатија на жени во прекугранична област" поддржан од ИПА 2 прекуграничните фондови на Северна Македонија и Албанија за 2014-2015 година, Центарот за компаративни и меѓународни студии заедно со Институтот за човекови права организираше на 31 јануари 2020 г. дискусија за локалните и регионалните политики за поттикнување на жените во регионот на Елбасан и Полог да создадат нови вложувања и можности за нивна поддршка.*

Дискусијата за политики овозможи интензивна дебата на групата жени со креаторите на политики, академици, деловни жени, раководители на стопанска комора и индустрија, бизнисмени од дијаспората, женски невладини организации и новинари.
Дискусијата беше модерирана од стана на Мимоза Хајдарматај и проф. Невила Хинди од Медитеранскиот универзитет во Албанија, со учество на одлични говорници и промотори на женско претприемништво, како г-дин Ервин Сараци - заменик градоначалник на Елбасан; Г-дин Бледар Манколари - раководител на германската трговска комора во Албанија; Г-дин Дрилон Исени - Извршен директор на Стопанската комора на Северо-Западна Македонија; Г-дин Љуљзим Велиу, раководител на Идентитет; Г-ѓа Блерина Кокона - директорка на Фондот за развој на албанската дијаспора; Г-ѓа Велмира Шерифи - постар соработник во Министерството за економија во Северна Македонија; Г-ѓа Мирајет Муртезани - Сектор за еднакви можности - Министерство за труд и социјална политика во Северна Македонија и г-ѓа Сахиде Бајрами од Егалите, еден од партнерите во проектот.
Учесниците изразија подготвеност во регионите Елбасан и Полог да го поттикнат женското претприемништво, деловните можности за жените во двата региона, родова еднаквост во бизнисот, предностите на прекуграничната деловна соработка.

Овозможено беше активно учество и дискусија помеѓу учесниците на настанот, особено во однос на размена на лични искуства поврзани со реалните политики за подобрување на климата за водење бизнис во Албанија и Северна Македонија

## ДЕЛ ОД ДИСКУТИРАНИТЕ ТЕМИ:

- Проектот, кој се спроведува во регионот Елбасан и Полог, понуди значителни можности и охрабри повеќе жени да се вклучат во претприемништво и да ги развиваат постојни бизниси и да имаат потенцијално позитивно влијание врз економските перформанси на Елбасан и Полог.

- Постојат многу млади жени кои имаат храброст и силна волја да ги остварат своите соништа, да создаваат, произведуваат и продаваат свои производи и со тоа да заработат за себе и да обезбедат егзистенција за нивните семејства. На овие иницијативи им е потребна внимателна поддршка и деловна помош.

- Проектот треба да ги вклучува почесто националните и локалните власти и другите релевантни чинители во ревизијата на политиките и креирањето на засилени мерки на политики и прилагодена поддршка на женското претприемништво.

- Успешната прекугранична соработка бара исто така ефикасни национални политики и ефикасна координација на политиките што ќе обезбедат мерки што се спроведуваат во секоја под-област на соодветен начин.

- Евидентно е дека жените стануваат се повеќе вклучени во социјалниот и економскиот живот на Албанија и Северна Македонија и тоа овозможува околина за женско претприемништво што ја консолидира и поддржува нивната улога.

- Охрабрувањето повеќе жени да се вклучат во претприемништво и да ги развиваат постојните бизниси ќе има потенцијално позитивно влијание врз економските перформанси на Албанија и Северна Македонија .

- Мало внимание е посветено на женското претприемништво во истражувањата од оваа област, делумно затоа што претприемништвото и бизнисите се концепти кои се карактеризираат како генерално машки и делумно затоа што областите или секторите во кои преовладуваат жените како претприемачи не биле во фокусот на истражувањата или студиите.

- Жените претприемачи даваат значителен придонес во економијата, особено во услови на ограничен раст, каде што создавање работни места и опстанок на приватниот сектор е предизвик. Нивниот придонес нуди значајни можности за генерирање приходи, зголемување на вработеноста и намалување на половите нееднаквости.

- Што се однесува до платената работа на пазарот на трудот, сè уште постојат значителни разлики во работното време, при што голем дел од жените работат со скратено работно време. Што се однесува до активностите на домаќинството и грижата, жените поминуваат значително повеќе време на неплатена работа во споредба со нивните машки колеги и покрај зголемените обврски на пазарот на трудот, што наметнува двојно оптоварување за многу жени. Меѓусебната поврзаност помеѓу содржината на работата, работното време и неплатената работа треба да се земат предвид за да се разбере контрастот на состојба на мажите и жените на пазарот на трудот, особено во однос на преовладувачките родови разлики во инциденцата на самовработување.

- Во областа опфатена со проектот - прекуграничен регион, и покрај тоа што истиот е доста проширен на тој простор, сеуште има голем број проблеми во однос на социјално-економската состојба и политичката застапеност. Сите овие компоненти се меѓусебно поврзани. Поради спецификите на оваа област, нејзините економски можности, неодамнешните случувања и истите од раните години на транзиција, особено во однос на родовите прашања, правата на жените, нивната состојба и нивниот статус, работата со жени станува уште потешка.





- На жените може да им се помогне со отворање на можности за развој на продажба на производи преку он-лајн платформа или производите можат да се продаваат локално, но и преку прекуграничната трговија или конкретно во Полошкиот регион кој има поголема моќ за апсорпција на различни производи и обратно.

- Потенцијал за продажба и трговија има и во главните градови на двете земји - Скопје и Тирана кои потрошуваче на голем број од национални производи. Можностите ќе бидат отворени и во  делот на маркетингот и трговијата во поширокиот регион и на меѓународно ниво.

- Во регионот на Елбасан, всушност, сè уште се зачувани традиционалните социјални структури кои не оставаат многу простор за независно вклучување на жените во деловниот сектор и претприемништво, нивно економско зајакнување и независни иницијативи.

- Ангажманот на локалните структури кон овие проблеми е многу мал или воопшто не постои во некои случаи. Нивото на информираност на жителите, особено во руралните средини, скоро и да не постои.

- Регионот Елбасан е многу засегнат од проблемите што се поврзани со миграцијата на младите и непријавеното вработување во земјоделството, недостаток на стручна обука за зголемување на продуктивноста и недостаток на безбедносни и здравствени услови на работното место.

- Наведени се главните пречки: недостаток на поддршка од семејството, потешкотии во кредитирање, недостаток на посветеност неопходна за управување со бизнисот и недостаток на информации и знаење. Покрај горенаведените пречки, се чини дека не постои јасна политика за водење на жените во бизнисот и преземање индивидуални или групни иницијативи.

- Состојбите на пазарот на трудот се особено неповолни за жените, создавајќи за нив ситуација на дискриминација и структурни бариери за можностите за нивно вработување. Кај жените се регистрираат ниски нивоа на социјално учество и високи нивоа на невработеност. Програмите за поттикнување на вработување на локално ниво се насочени кон мали интервенции кои финансиски го поддржуваат вработувањето и професионалната обука на оваа категоријата невработени лица.

- Подобрувања на прекуграничната политика

- Зголемен банкарски пристап до извозни компании: Ова е многу чувствително прашање особено за малите и средни претпријатија, за што кредитните ограничувања се построги отколку за големите фирми. Со оглед на фактот дека малите и средните претпријатија го сочинуваат мнозинството фирми извозници, потребно е да се прошират шемите за финансирање на извозот за да се зголеми извозот меѓу Албанија и Македонија.

- Поедноставување на царинската документација и надминување на долги и сложени процедури кои влијаат на растот на извозните давачки. Подобрувањето на индикаторот „прекугранична трговија" е во фокусот на натамошната работа за отстранување на бариерите во царинските постапки.

- Поттикнување на прекуграничната трговија и развој значи, меѓу другото, да се насочи кон промовирање на извозот, не само во Албанија и Македонија, туку и во земјите на ЕУ.

- Промовирање на извоз на производи со додадена вредност во прекуграничната област и преработени земјоделски и БИО-производи. Елбасан има био-земјоделски сектор, има зголемена побарувачка за извоз на вакви производи, како и за преработени земјоделски производи. Земјоделството и преработувачката индустријата имаат голем потенцијал за генерирање на вработувања и тие се добра основа за зголемување на извозот.